У Г О Т У Р

Акционерско друштво за организирана исхрана,угостителство и туризам,

агенциско работење и трговија – Скопје

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА УГОТУР АД СКОПЈЕ**

**ЗА ПЕРИОД ОД 01.01-31.12.2020 година**

Финансискиот резултат на Уготур АД Скопје кој е искажан во неревидираниот Билансот на успех за период 01.01.2020-31.12.2020 година изнесува 7.678 илјади денари.

Уготур АД во деловната 2020 година нема значителни промени во сметководствените политики и методи на ставките во финансиските извештаи споредено со ревидираните извештаи од 2019 година.

Вкупните приходи остварени во период 01.01.2020-31.12.2020 година изнесуваат 272.126 илјади денари. Во рамки на вкупните приходи најголемо учество имаат оперативните приходи кои изнесуваат 271.821 илјади денари. Финансиските приходи остварени во период 01.01.2020-31.12.2020 година изнесуваат 305 илјади денари и споредбено со остварените приходи во соодветниот период за 2019 година бележат намалување.

Вкупните расходи во периодот 01.01.2020-31.12.2020 година изнесуваат 263.586 илјади денари. Финансиските расходи нема.

Порастот на оперативните приходи и оперативните расходи се должи на спроведувањето на Одлуката за одобрување на голема зделка донесена на Собрание на акционери на 27.05.2020 година.

Вкупните обврски по кредити со 31.12.2020 година изнесуваат 609 илјади денари по долгорочен кредит од Развојна банка на Република Северна Македонија.

Уготур АД и понатаму ќе се залага за зголемување на приходите, а намалување на трошоците во дејноста која ја обавува, со постоечките ресурси кои се на располагање на друштвото.

Раководството на Друштвото тековно ја следи состојбата во деловното опкружување и согласно моменталните прилики и потешкотии во делот на реализација на услугите, условени од состојбите во врска со COVID-19, не може попрецизно да ги предвиди очекувањата за претстојниот период.

**УГОТУР АД Скопје**